СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08-3770/39
30.06.2021 година
Кавадарци

# З А П И С Н И К

За работата на 57-тата седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за ден 30.06.2021 година

## ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ

Ја отварам 57-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес.

На седницата присуствуваат 17 советници, двајца тековно на седницата ќе се приклучат .

Констатирам дека кворум за работа има и Советот може полноважно да одлучува по предложениот дневен ред.

- Со Решението за свикување на денешната седница доставен е и Записник од Педесет и шестата седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 27.05.2021 година.

Дали има забелешки по Записникот од 56-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци?

Доколку нема Ве молам кој е за усвојување на Записникот од 56-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци.Едногласно . Благодарам.

Констатирам дека е усвоен Записникот од 56-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Со Решението за свикување на денешната седница имаме добиено Предлог Дневен Ред за работа на седницата закажана за денес и тоа :

1. Предлог-Статутарна Одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Кавадарци;
2. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2021 година;
3. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за домашно долгорочно задолжување на Општина Кавадарци за финансирање на Проект ГРАДСКИ ПАЗАР СО ПОДЗЕМЕН ПАРКИНГ;

4. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2021 година;
5. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади за 2021 година;
6. Предлог-Одлука за утврдување на интерес за основање на Акционерско Друштво Градски фудбалски клуб,,Тиквеш,, 1930 Кавадарци;
7. Предлог-Програма за изменување и дополнување наПрограмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци;
8. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за основање на Центар за развој на Вардарски плански регион;
9. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за сопствено учество на Општина Кавадарци – Локална самоуправа, во реализација на проектот "Поставување на фото – напонски панели на 10 Јавни општински објекти со вкупна инсталирана моќ од 19.2 kw/h"
10. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлукатаза сопствено учество на Општина Кавадарци – Локална самоуправа, во реализација на проектот "Реконструкција на локален пат во село Бохула;
11. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.21/21 поведен пред Основен суд Кавадарци;
12. Точка 12 СЕ ИЗЗЕМА ОД ДНЕВНИОТ РЕД

    Заради поврзаност со претходните точки Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци предлагам дополнителна точка

    Предлог-Одлука за давање согласност за склушување на Судско порамнување по судски предмет МАлвП-29/2021 година поведен пред Основен суд Кавадарци

    Кој е за? Има ли против или воздржани?Едногласно. Констатирам дека е усвоен предлогот Дневниот ред да се дополни со точка

    12. Предлог-Одлука за давање согласност за склушување на Судско порамнување по судски предмет МАлвП-29/2021 година поведен пред Основен суд Кавадарци;
13. Предлог-Одлука за давање согласност за потпишување на Договор за управување со Младински центар Кавадарци;
14. Предлог-Одлука за укинување на Одлуката за ослободување од надоместок за користењена просторот пред деловните простории за вршење на дејности намалување на висината на комуналната такса;

15. Предлог-Одлуказа давање на трајно користење, без надомест недвижна ствар-Објект на Детска градинка на ЈОУДетска Градинка„ Рада Поцева„ Кавадарци;
16. Предлог-Одлука за давање на трајно користење без надомест на движни ствари – клима уреди на ООУ„Димката Ангелов Габерот„ с.Ваташа;
17. Предлог-Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на СОЗШУ „Ѓорче Петров“ Кавадарци;
18. Предлог-Одлука за давање на трајно користење без надомест на движни ствари – уметнички слики на Локален Музеј Галерија Кавадарци ;

19.Предлог-Одлука за усвојување на Стратешки план за намалување на ризици од катастрофи на Општина Кавадарци за 2021 – 2025 година;

20.Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година(лекување)(АЦЕВА);

21.Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година(лекување)(АЦЕВ);

22.Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година(лекување)ДУРЕВ);

23.Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година(лекување)(МАРИЈА .Д);

Заради поврзаност со претходните точки Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци предлагам дополнителна точка – Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година(лекување); Кој е за? Има ли против?Има ли воздржани?Сите за.

Констатирам дека е усвоен предлогот Дневниот ред да се дополни со точка.

24.Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година(лекување);(Гора Ташева)

Заради поврзаност со претходните точки Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци предлагам дополнителна точка – Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година(лекување);Кој е за? Има ли против и воздржани? Сите за.

Констатирам дека е усвоен предлогот Дневниот ред да се дополни со точка

25.Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година(лекување)(Христина Андреевска).

Заради поврзаност со претходните точки Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци предлагам дополнителна точка – Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година(Мобилност);

Кој е за? Има ли против или воздржани? Едногласно за.

Констатирам дека е усвоен предлогот Дневниот ред да се дополни со точка

26.Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година (Мобилност)

27.Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување на претставници во Управен Одбор на ЈОУ Дом на култура „ Иван Мазов Климе„ Кавадарци;

28.Годишен План за вработување за 2022 година на ООУ„Тоде Хаџи Тефов„ Кавадарци, со арх.бр.04-334/1 од 16.06.2021 година, донесен од Директорот на на ООУ„Тоде Хаџи Тефов„ Кавадарци;

29.Предлог-Одлука за давање согласност на Статутарна Одлука со арх.бр.02-189/4 од 16.06.2021 година, за измена и дополнување на Статутот на ООУ„Страшо Пинџур„ Кавадарци, донесена од Управен одбор на ООУ„Страшо Пинџур„ Кавадарци;

30.Годишен План за вработување за 2022 година на ООУ„Страшо Пинџур„ Кавадарци со арх.бр. 01-81/11 од 16.06.2021 година, донесен од Директорот на ООУ„Страшо Пинџур„ Кавадарци;

31.Годишен План за вработување за 2022 година на СОЗШУ„Ѓорче Петров„ Кавадарци, со арх.бр.01-3658/1 од 11.06.2021 година, донесен од Директорот на СОЗШУ„Ѓорче Петров„ Кавадарци;

32.Годишен План за вработување на ЈОУ Локален Музеј Галерија Кавадарци за 2022 година, со арх.бр.02-110/ од 04.06.2021 година, донесен од Директорот на ЈОУ Локален Музеј Галерија Кавадарци;

33.Измена на Годишен План за вработување за 2022 година на ООУ„Тошо Велков Пепето„ Кавадарци, со арх.бр.04-164/1 од 03.06.2021 година;

34.Годишен план за вработување за 2022 година на Јавно претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци, со арх.бр.04-1483/1 од 09.06.2021 година донесен од Директорот на ЈП „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци;

35.Одлука за давање на согласност на Одлука за поништување на Одлука за примање од ЈП „Комуналец“Кавадарци на времено користење движна ствар-машина марка GRAKO LINELAZER 250 sps со арх.бр.02-1505/5 од 17.06.2021 година, донесена од Управен одбор на ЈП „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ“Кавадарци;Заради поврзаност со претходните точки Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци предлагам дополнителна точка- Предлог-Одлука за давање согласност на одлука за давање на донација движна ствар-Товарно возило Fiat Florino на Општина Кавадарци со бр.02-1551/3 од 25.06.2021 година донесена од Управен одбор на ЈП „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ“Кавадарци;;

Кој е за? Има ли воздржани и против? Едногласно за.

Констатирам дека е усвоен предлогот Дневниот ред да се дополни со точка

36.Предлог-Одлука за давање согласност на одлука за давање на донација движна ствар-Товарно возило Fiat Florino на Општина Кавадарци со бр.02-1551/3 од 25.06.2021 година донесена од Управен одбор на ЈП „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ"Кавадарци;

37.Предлог-Одлука за давање согласност на Одлука за давање на времено користење на движна ствар на Територијална противпожарна единица, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Одлука за примање на донација на проектна документација од Друштво со ограничена одговорност за трговија, производство и услуги„СЛОГА ПРОМ„ ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Кој е за ? Едногласно за.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка

38 Предлог-Одлука за примање на донација на проектна документација од ДООТПУ„ Слога Пром„ увоз-извоз Кавадарци

Дали има и други предлози за измена и дополнување на досегашниот изменет дневен ред.

Доколку нема ваквиот дневен ред го ставам на гласање.

Кој е за? Едногласно 19 за.

Одиме со прва точка на Дневен ред.

1.Предлог-Статутарна Одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Кавадарци;

Колеги отварам расправа. За збор Божанка Минова .

БОЖАНКА МИНОВА: По ова точка би сакала да дадам една забелешка во делот на правниот однос за измена на Статутот . Не е наведен членот 16, 17 и 18 од Законот за Младинско учество и младински политики според кои што се врши измената на Статутот. Значењето на формирањето на Локален Младински Совет за Кавадарци е уредено со целите на овој закон во кој што е обезбедено преку Локален Младински Совет во соработка со Советот на Општина и Градоначалникот на Општина Кавадарци да се креираат и спроведуваат политиките од интерес за младите . Со гарантирањето на општинските буџетски средства се овозможува да се финансираат политиките за младите конкретните активности, нивното информирањето и учеството во донесувањето на одлуките во Советот на Општината како и учество во

спроведувањето на тие одлуки од старана на Градоначалникот во интерес на младите. Со оваа статутарна измена се создава обврска на Советот и Градоначалникот да го подржат младинското организирање и преку претставници на национално ниво да го подржат неформалното образование за млади, кое што е многу важно, исто така волонтерството и сите разни видови и форми на младински активности и младинска работа . Ние како Совет му обезбедуваме простор за функционирање, финансирање и му овозможуваме управување со локалниот Младински Совет, но најзначајно за нас како советници е да му овозможиме учество на младите во процесот на одлучување на советот и градоначалникот во сите надлежности . Неодминливо е притоа да го имаме критериумот на интересите на младите и тоа да се изградат јавни објекти за млади , коишто ќе бидат во функција на користење на културни настани, спортски настани, забава, манифестации . Исто така доста важно е преземање и на локални мерки за создавање услови како на локално ниво за решавање на потребите на младите за вработување и создавање на услови за здрава животна средина , коешто ќе даде придонес во градењето на здрави млади личности, а вложувањето во младите е фактички вложување во иднината на нашата општина и вложување во иднината на нашата држава . Благодарам.

РИСТО САКАЛИЕВ : Благодариме колешке. Дали има друг за збор? Нема . Доколку нема точката ја ставам на гласање. Кој е за ? 19 за.

2.Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2021 година;

Колеги отварам расправа. Дали некој бара збор?Доколку нема за збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за? 19 за.

3.Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за домашно долгорочно задолжување на Општина Кавадарци за финансирање на Проект ГРАДСКИ ПАЗАР СО ПОДЗЕМЕН ПАРКИНГ;

Отварам расправа. Кој бара збор? Жана Минова , па Весна Ѓорѓиева.

БОЖАНКА МИНОВА: Јас по оваа точка би сакала да поставам прашање на што се должи оваа измена во која што станува збор за сума која што се однесуваше за комплетната инфрастуктура. во претходната одлука , а сега имаме поделба на таа сума значи едната се однесува на опрема на Градски Пазар, а остатокот до 15 000 е 5 810 000 за склучување на наменски .....прашањето ми е .на што се должи ова задолжување и како течат работите на градскиот пазар, дали е се со динамика планирана и до кога треба да се заврши оваа инвестиција..

ВЕСНА ЃОРЃИЕВА : Сакам Градоначалникот да објасни за сите наши граѓани во делот на што. Се однесува токуу тоа тоа пренаменување на остатокот од градскиот пазар .чисто информативно ние го знаеме како

членови на комисија сепак сметам дека треба Градоначалникот да објасне за цела кавадаречка јавност за што се однесуваате тие ....
ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитувани сограѓани, почитуван Претседател на Совет, почитувани советници . Благодарам на прашањето и прво да се заблагодарам денеска и на вашето присуство, меѓутоа еве после толку долго време да може да одржиме седница во еден нормален ред со протоколите и во физичко присуство кое што сепак мислам дека е од многу поголемо значење и од многу поголема ефикасност него зум платформата или било како. Горе доле и на двете советнички и на Минова и на Весна прашањата беа во однос на што се однесуваат промените и динамиката за изградба . Јас пред малку доаѓам од изградбата на градскиот пазар . Бевме таму, ја увидовме ситуацијата , меѓутоа и секојдневно ја пратиме . Прво би одговорил за динамиката и за следливоста на работењето на зелениот пазар. Динамиката се одвива во планираниот динамичен плански рок за изградба. Со една единствена мала измена, каде што на кота -11 метри наидовме на тло коешто е многу слабо и на вода , меѓутоа заедно со проектантите и градежни инжинери дадоа предлог решение кадешто со подобрување на тлото уште со метар и половина во делот на стопите на пазарот со покрупен материјал во делот на бајки, чакал и тампон постигнавме носивост којашто е задоволителна градежно од 100 мегапаскали и тоа е еден единствен начин кадешто сега имаме мали измени во делот на градбата , во делот на темелите на самиот пазар.Во делот на тендерирањето на пазарот морам да бидам јасен дека со самото тендерирање од проектанската цена пазарот се спушти на негативна аукција некаде од ми се чини 9 - 10 000 000 денари од проектираната цена на аукција се спушти доле, значи имаше конкуренција, имаше фирми заинтересирани и во делот на вишоци и кушлоци сега што ја носиме оваа одлука од 3 000 000 денари даваме простор за овие вакви работи како подобрување на тлото, идно некоја непредвидена работа во делот на градежништвото да имаат простор за да можат да прават анекс или минусци во делот на самиот договор. Со самата заштеда од негативната аукција којашто ја постигнавме на тендерирањето, ние завршивме уште една аукција од 11 500 000 денари , ми се чини дека таа се спушти на 10,5 за целокупната опрема на градскиот пазар. Така да успеавме со заемот кој што го зимаме од 115 000 000 ми се чини можеме да се вклопиме и вишоци и опрема за целиот пазар и комплетното уредување на пазарот. Така да вкупната сума на пазар нема да ја помине и јас сум задоволен што проектанските цени се спуштија негде со 10-15 % пониско од реалните цени коишто сега се изведуваат , знаејќи во обзир дека во овој момент цената на железото , бетоните, дизел горивото работната рака драстично е повисока али имавме среќа што ова го тендерирвавме декември/ јануари кога цената на железото беше упола од што е сега . Не верувамм

дека може сега ова цена некој да толку флексибирно толку ја спушти цената на самиот тендер. Динамиката за изградба како што и ветивме и кажавме само со вас советниците со мене дека пред да стигниме до месец октомври јас ќе се трудам заедно со изведувачите и со сите услови кои што ги имаме , да го запазиме тој датум, да го запазиме тој месец со оглед на временските прилики и цела ситуација која што ја имаме во државата. Еве пример е во моментот 4/5 дена самите изведувачи се ограничени со закон од државата да работат само до 11 часот, значи немаат право после 11 да работат заради екстремно високите температури и тоа виќе пак е некаков битна елементарна ситуација кадешто им дава за право да го продолжат рокот и станува збор за нормално живи луѓе коишто го градат пазарот, тоа мораме да го имаме во обзир, меѓутоа во какви и услови да биде , што и да биде краен рок не треба да биде зимската сезона, значи пред зимото пазарот треба да биде пуштен во функција со целокупна опрема , со изградена улица, со изградена инфраструктура и комплетно партерно уредување со атмосферска канализација и улично осветлување и сите други попратни работи коишто ќе ги има пазарот. Мене ќе ми биде задоволство и ќеиф да овој пазар го завршиме до крајот на нашиот мандат како советници и градоначалник, меѓутоа и да не го завршиме до крајот јас еве уште денеска без разлика на исходот на наредниот совет или нареден градоначалник или било кој ќе ни биде чест и задоволство сите да отидиме да го пуштиме пазарот во употреба затоа што верувајте и знаете и самите дека ова е еден капитален објект јој што ретко се гради во Општина Кавадарци , ја би го класифицирал во типот на изградбата после 30 години како што беше Спортската сала,Општата болница, ова е капитален објект зелен пазар .Така да мислам дека нема да имаме големи отстапки во цела ситуација, најбитно е што не ја надминуваме сумата , напротив сме под сумата и изведувачот е доста сериозен со добра екипирана екипа за работа , мислам дека ќе оди во најдобар ред и квалитетот на градбата да биде како што треба . Морам да потенцирам и да кажам дека изведувачот е веќе одбран и за опремата за самиот пазар се спрема опремата, штом завршиме веднаш ќе ја монтираме и неа. Опремата ја ставивме со стандарди инокс тезги коишто ќе бидат вековиште и трајни и по ХАСАП стандарди и по сите работи, има внатре 10-тина простории за затворена продажба на млеко, млечни производи , риба и ред други работи коишто бараат ладна температура , разладни витрини , фрижидери за замрзнување , така да мислам дека ќе имаме пазар баш како што треба да биде и дека заедно ќе бидеме горди на самиот пазар и очекувам да сме здрави и живи да заедно го отвориме пазарот без разлика кој во каква позиција е сепак е од општествен интерес.Благодарам.

РИСТО САКАЛИЕВ :Благодариме Градоначалник.Колеги дали има уште некој за збор?Доколку нема точката ја ставам на гласање. Кој е за? Едногласно.
4.Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2021 година;
Отварам расправа.Дали некој бара збор?Нема , точката ја ставам на гласање.Кој е за? Едногласно.
5.Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади за 2021 година;
Колеги отварам расправа.Дали некој бара збор?Не бара никој , точката ја ставам на гласање.Кој е за? Едногласно.
6.Предлог-Одлука за утврдување на интерес за основање на Акционерско Друштво Градски фудбалски клуб,,Тиквеш,, 1930 Кавадарци;
Отварам расправа.Дали некој бара збор? Петар Николов повели.
ПЕТАР НИКОЛОВ: Почитуван Градоначалник,почитуван Претседател на Совет, колеги советници , сакам да поставам едно прашање во врска со фудбалскиот клуб до Градоначалникот прибидејќи Општината ќе биде главен акционер од 51 %.Ако може за јавноста да објасне кои би биле останатите акционери, колку би бил влогот во акционерското друштво, дали би се стигнало со завршувањето на АД-то во предвидените рокови и колку би бил буќетот на фудбалскиот клуб Тиквеш за наредната сезона . Тоа ми беше прашањето за јавноста подетално да знае. Благодарам.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Знаеме нели законската регулатива налага со влегувањето во прва лига да се премине во АД Друштво. Преминувањето во АД Друштво е малку посериозно, за момент веѓе стануваме на некој вид акционерско, не некој вид , туку акционерско друштво со права , обврски, со сите перипетии кои што треба да ги содрже законот законски.Прво морам да појаснам и да кажам дека Општина Кавадарци ќе го има правото на еден глас плус, 51% ќе остане сопственик на Градскиот клуб Тиквеш , без дополнителни инвестиции, тоа ми е многу битен момент што наредната година и во наредниот буџет од 5 000 000 денара подршката што ја имаме за ГФК Тиквеш не смееме да ја зголемиме на повеќе , имаме и други спортови, за возврат на тоа ние ќе бараме акционери кои ќе влезат , исто спонзори да спонзорираат во делот на клубот . Исто така многу битен момент е дека името на клубот кој што постои од 1930 ние нема да го смениме и ќе се вика ГФК Тиквеш 1930, не само името туку тука станува збор и за грбот, логото, боите на дресот , така да таа традиција ќе ја продолжиме и нема да направиме никакви промени , пошто тоа е самиот дух на самиот градски клуб Тиквеш . Разговарано е со повеќе компании , а воедно нека биде и повик ова затоа што ние после ова одлука имаме рок , ми се чини после 15 јули

да го формираме АД-то и да го поднесиме до Фудбалската Федерација за да веќе со новиот АД клуб продолжиме да функционираме, да работиме и да направиме професионални договори со фудбалерите, со менаџерскиот тим и со сите други останати ситуации. Понудени се сите компании, јавно, транспарентно, интерес постои од многу компании за спонзорирање, меѓутоа не постои толку голем интерес за купување на акции , без разлика на тоа дека цената на акцијата воопшто не е скапа и не е само класична продажба на акција, него нас ни е целта да вовлечеме повеќе компании, за да може да не биде терет на една, две , три компании и да клубот пофлексибилно и понормално функционира . Прошлиот пат ме искараа зошто сум го кажал буџетот кој ќе биде, вика спортски не се кажува пошто конкурентот ќе знае , еве јас пак ќе го кажам минималниот буџет ќе биде 400 000 евра за опстанок во нашата прва лига, а не значи тоа дека ќе потрошиме и повеќе пари , можеби ќе биде и за повеќе пари. На 400000 евра минимален буџет со учество на Општината од 5-6 000 000 денари , другото ќе го обезбедиме од приватни компании, од компании спонзори. Јас разговарав со неколку компании коишто веќе пројавија личен интерес да влезат со солидни суми и да земат дел од акциите. Нормално акциите не се само привилегија, можам да кажам воопшто не се привилегија , него се обврски во понатамошното функционирање, делегирање и користење на финансиските средства на самиот клуб.Ние во моментот на фудбалскиот клуб Тиквеш немаме никаков имот, немаме ништо, тоа се е имот на општината, значи имаме само едно друштво каде што ќе го формираме и у понатамошни цели треба да функционира спортски во интерес на градот . Глупо би било да ги именувам сега компаниите .Разговарано е со сите поголеми компании. Очекувам максимална подршка од компаниите и очекувам најмалку 10-20 компании да се вклучат во спонзорирањето на овој клуб. Кога би се вклучиле 20 компании, кога би дале некоја си сума од 10-15 000 евра за никој не би била значителна по однос на ликвидноста на компанијата , а ние би ја постигнале крајната цел во делот на комплетирање на буџетот за градскиот фудбалски клуб.Сами знаете дека тоа е минималната сума за опстанок во прва лига ,пошто сега станува збор за 12 месеци работа, договори за 12 месеци со играчите , придонеси, плати , репрезентации, припреми, еве сега ќе одат на припреми во Охрид кои што коштат 14 000 евра , во моментот имаме увид на соблекувалните и просториите во градскиот фудбалски клуб, не одговараат за прва лига , ќе имаме доста измени таму , финансирање малку посериозно и тоа би сакал да го обезбедиме од спонзорство за да ни дозволат да имаме услови да играеме во прва лига , со изградбата на трибината и местење на реконструкција на постоечката трибина во тој дел нема да има проблем, само во делот на соблекувалната, така да уште еднаш повик до сите компании, јавно транспатентно, секој што може да се вклуче, а ние

како Кабинет на Градоначалник и вие како советници нема да го заборавиме никој од Кавадарци кој што е и индивидуала, а има некаква можност , меѓутоа и правен субјект и фирма да не го посетиме за спонзорство. Така да ќе го посетиме секој еден и би му понудиле во било кој поглед да влезе. Начелно конструкцијата е направена, али секогаш е добро кога во ваква работа се вклучуваат повеќе компании од јавен интерес. Благодарам.

РИСТО САКАЛИЕВ: Благодариме Градоначалник. Одиме со гласање по ова точка. Кој е за?

ПЕТАР НИКОЛОВ: Ако може само да се надоврзам . Градоначалниче основниот влог мислам ќе биде минимален 25 000 евра . Ние сега ја гласаме точката за 770 000 денари . Тоа ако може само.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи минималниот влог за преминување, за основање на АД е 25 000 евра . 25 000 евра кога ќе ги поделиме 51% останува на Општината, значи Општината ќе вложи 771 187 денари како акции да си ги земе 51 %, а компаниите , сите други компании што ќе влезат за 49 % , дали че бидат 5,6,7 , 8 компании во однос на тоа колку акции мислат да купат, толку ќе биде цената на таа продадена акција да речиме, а спонзорирањето на компаниите ќе биде посебно , така да не е обврската само да ја продадиме акцијата него разговорот што го водиме со компаниите да влезат како акционери делумно , мешутоа и да бидат и идни спонзори на самиот клуб . Морам да потенцирам и да кажам дека нашиот клуб имаме среча што домаќински до сега е воден и немаме апсолутно никакви долгови на клубот, некои ситни 200/300 000 денари што е ретко пример во Републиката во делот на спортот таков клуб нема долгови, ако земиме во обзир дека само ФК Вардар ми се чине што излезе од прва лига има 8 000 000 евра долг наталожен во делот на АД-то. Така да ние тука немаме долг и мислам дека полесно ќе го поминеме сето тоа . Благодарам.

РИСТО САКАЛИЕВ: Благодариме Градоначалник . Колеги дали уште некој нешто сака да дискутира ?Доколку нема точката ја ставам на гласање.Кој е за?Едногласно.

7.Предлог-Програма за изменување и дополнување наПрограмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци;

Отварам расправа. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Кој е за? 19 за.

8.Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за основање на Центар за развој на Вардарски плански регион;

Отварам расправа. Дали некој бара збор? Не бара никој. Точката ја ставам на гласање.Кој е за? Едногласно.

9.Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за сопствено учество на Општина Кавадарци – Локална самоуправа, во

реализација на проектот "Поставување на фото – напонски панели на 10 Јавни општински објекти со вкупна инсталирана моќ од 19.2 kw/h"

Одиме со расправа по 9 точка. Дали некој бара збор?

ПЕТАР НИКОЛОВ: Јас имам некои прашања. Таму има некои мали измени за учеството на Општината . Ако може Градоначалникот за кои објекти станува збор , кои општински објекти?

ГРАДОНАЧАЛНИК : Ние како Општина заедно со Локален економски развој секторот аплициравме до Бирото за регионален развој по повеќе основи , по некој основ и добивме апсолутна подршка од тоа што е аплицирано делумна и затоа сега ова пеглање на цела ситуација во делот на нашето учество во реализација на проектот. Конкретно за поставување на фото-напонските панели на 10 јавни општински објекти со вкупна инсталирана моќ од 19.2 kw по објект . Тоа е по објект , не е за сите 10 или вкупно за сите објекти е 190,2 kw/h производство на енергија. Мојта информација која што ја имам , а мислам дека не грешам се опфатени сите основни и средни училишта во град Кавадарци, не е опфатено само едно ЕМУЦ пошто веќе ЕМУЦ има ставено веќе , донација од Ротари Клуб, а другите мислам дека се сите опфатени и мислам дека е опфатена Градската Библиотека , Општина Кавадарци , така да основното и средното образование и Општината ми се чине тоа се тие 10 објекти . Кофинансирањето е 50-50 заедно со Бирото за регионален развој , меѓутоа тоа ќе оде на тендерирање, може да падне и сумата , ние мораме како сума да го ребалансираме и да го предвидиме и со ова мислам дека и сами знаете колкав е бенефитот за сите школи , за Општината, за производство на 20 kwпо електрична енергија по објект во делот на фото-напонска електрана , негде околу 50-60% по училиште , ќе му падне и сметката потрошувачка на електрична енергија , воопшто не е мала , негде би дошла со заштеда по објект сигурно до 6/7 000 евра годишно. Годишно по објект да штедиме по 6/7 000 евра и тие пари да може да ги пренаменат училиштата или Општината вво самото уредување на школото или потребите за учениците е од големо значење плус еколошки проект, иновативен и крајната цел мислам дека е што повеќе објекти да постигнат ваква фотомонтаична централа која што не кошта многу со оглед на тоа ако видиме инвестицијата се враќа од 3-4 години . Благодарам.

РИСТО САКАЛИЕВ :Благодариме Градоначалник. Одиме со гласање по ова точка. Кој е за?Едногласно.

10.Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлукатаза сопствено учество на Општина Кавадарци – Локална самоуправа, во реализација на проектот "Реконструкција на локален пат во село Бохула;

Отварам расправа. Не бара никој збор , точката ја ставам на гласање.Кој е за? Едногласно.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Село Бохула во изминатиов период од 2-3 месеци извршивме делумна реконструкција на самиот пат до село Бохула и неколку улици, мислам една или две улици ги поплочивме во самото село . Со овие пари кои што ни ги одобре Бирото за регионален развој и кофинансирањето од 51% од Општината , ми се чине дека вкупната сума е 4 000 000 денари ќе ги тендерираме за асфалтирање на улици во село Бохула , тоа е така прилично многу солидна сума , многу добра сума . Мислам дека Бохула треба да биде шпанско село во делот на асфалтирањето и да нема ни улица не асфалтирана, ниту пак улица не нивелирана од води поројни итн.Тенденцијата кон проширување и инвестирање во села, нема да застане тука и Општина Кавадарци се спрема конправење на повеќе проекти . Еден од проектите кои што го спремаме , за тоа го спомнав и г-динот Ташо, во моментот е веќе тендерот завршен и треба да се отпочне со сите патишта за реконструкција како што е патот до Радња, Ќесендре , да не ги напоменуваме 10 патни правци земјени. Со завршувањето и тампонирањето на тие патни правци веќе изготвуваме проекти каде што мислам дека ноември, декември ќе има повици за учество на проекти во делот на развојот на селските средини . Ако ние успеавме лани Ладно Долче Крњево трета фаза да го завршиме и сега имаме пат до Бохула во одлична состојба и самото село Бохула го дооуредиме со 4 000 000 денара улици а и за сите други села имаме предвидено други средства , нареден проект кој ќе го поднесиме е асфалтирање комплетно на патот до Радња, значи покрај тоа што сега ќе го истампонираме , нивелираме со канавки , да се асфалтира патот до Радња и такви патни правци за асфалтирање имаме во повеќе средини , еве сега го средуваме до Кошани, имаме до Куманичево , имаме до Драгожел , имаме веќе незнам уште кои села да не ги именувам , значи таа фаза ќе биде втора фаза во делот на асфалтирањето на тие патни правци , пошто морам да кажам и да потенцирам дека интересот од граѓанството е се поголем за заживување на тие такви средини , кој во делот на земјоделието, кој во делот на неговата професија меѓутоа и викенд наслебите во таквите средини многу веќе оживеа , дали тоа си го придонесе и ова ковидот , меѓутоа и самите луѓе веќе можеби сатурирањето на луѓето како ензистенција на малку повисоко ниво и секој сака да си има свое катче надвор од градот поготово еве во Општина Кавадарци . Така да втора фаза е аплицирање на проекти за асфалтирање на такви патни правци .

ТАШО РАДЊАНСКИ: Едно прашање само и еден коментар.Значи коментарот кој ќе биде веќе по трет пат за село Бохула се става таму асфалт , има проблем. Што е проблемот?Проблемот е тоа што таму мината камиони со по 3-40 тона , со над 20 кубика дрва од Македонски Шуми и затоа како проблем сте свесни , кога ќе навртите од Витачево према Кавадарци и десната лента цело време е набрана , атоа

Градоначалниче верувам го знаете , затоа што и некој камион и вашата некогашна нели фирма таму поминуваат и апсолутно морам да бидам критичен и према таа фирма иако е нели државна Македонски шуми , може со спуштен нож се враќат од Јасеново назад. Тоа е коментарот значи некој го расипува , не дава ни деенар иако знаеме дека нивниот пат за влез , не смеат да влезат во градот по патишта кои што ги финансира Општината од буџет , не смеат да влезат по таков пат , ќе направат паралелни патишта .Тоа е коментарот, иначе секогаш е добро да се гради што повеќе одите према село Радња , доближува до село Радња , значи понадежно е дека до село Радња ќе дојде нешто. Моето прашање беше таму едно клучно место од село Бохула што завршува на среде село нели или доле кај на Орце Настов куќата има уште неколку куќи на нагоре. Ме интересира дали тој потег до незнам дали сте биле таму до кај Ангел што е , овци што гледа на тој потег едно 3-40 метра што се асфалтираат на излезот од реката што е моментално и најлош разбирате и дали ќе се прави некаков премин било каков,некој мост , значи уште еднаш повторувам дали тој дел на самиот излез од реката према село Радња од 50 -60 или 100 метри ќе биде асфалтиран ?

ГРАДОНАЧАЛНИК : Би почналл од последното прашање значи сега овие 4 000 000 денара кога ќе ги тендерираме и ќе добиеме изведувач , ние ги класифицираме како улици во село Бохула , заедно со месното население во село Бохула , со Претседателот на Месната заедница и со целото население ќе определиме заеднички кои улици ќе ги асфалтираме и на кој че дадиме приоритет и на кои се од најголема фрекфенција и значење. Така да нема индивидуално да одлучуваме , ќе одлучуваме заедно со сите , вероватно и таа улица , таа што ја кажувате , до Ангел или до било кој треба да влезе , пошто мислам дека ова сума од 4 000 000 денари претставува една сума од околу малтене над 1500 - 2000 м2 асфалт , така да би требало се да се опфане во селото. По однос на Национални Македонски Шуми , видиш што убаво звуче тоа Национални Македонски Шуми и националниот интерес пошто бил пред се на интересот на граѓанството , на општината или било што ..., ние сме немоќни како општина да го ограничиме или спречиме движењето на шумското стопанство со делот на нивните товарни тешки возила коишто буквално го уништуваат патот . Еве денеска имаме технички прием од Светска Банка , од наши инжинери за патниот правец Конопиште –Караула –Михајлово кој што е инвестиција од 50 000 000 денара преку Светска Банка донација за Општина Кавадарци и сега таму кога ќе отидете верувај дека е жално , ќе видеш еден камион товарен со трупци или дрвја, не само камионот, туку закачена е и приколка , тоа е веќе шлепер од 40-50 тона , се движи на еден патен правец кој што сме го инвестирале, а е правен до 12 тона . Воопшто не се грижат , воопшто немаат морал према општеството , ќе се борам , заедно

ќе се бориме , ќе бидеме поборници за таа работа , да се усогласат според тежините на делот на товарот кој што ќе го извршуваат врз основа на локалните патишта . Локалните патишта како што е Бохула , еве Страгово-Ладно Долче што го спомнавме, па и Мајдан, Рожден, еве и Михајлово , тоа се локални патишта со максимална бруто дозволена тежина до 12 тони, а они се со возила од 40-50 тони. Тука мислам дека ќе бидеме поборници , ќе се бориме и да најдиме начин како тоа да го во идно време не само да го спречиме него и да се усогласат тие со тежините кои што треба да ги носат . Во делот што го спомнавме регионалниот пат , Кавадарци-Витачево –Мушов Гроб- Мајдан тука со право се движат пошто тоа е регионален пат и тука е дозволена носивост до 40 тони бруто. Морам да потенцирам и последно ветено од Премиоерот г-динот Зоран Заев на последната средба што беше во Кавадарци дека патниот правец од Мрежичко до Мајдан ќе биде завршен до крајот на оваа година , значи еден пат кој ќе продолжи до самиот граничен премин Пуљевац и преку Македонија пат односно преку Агенција за патишта да се заврши комплетно , а во наредна фаза веројатно ќе треба делумно од патот Кавадарци- Витачево да биде ставен во план за реконструкција , пред отварање на граничниот премин . Ако сакаме да имаме граничен премин како што треба и посетители и гости треба да имаме и патишта и инфраструктура нормална , така да доста се инвестира во руралните средини и доста се инвестира во селските средини . Не беше пример тоа во минатото , знаете дека еден патен правец се избориме во 12 години да го направиме , атоа беше Витачево-Мушов Гроб кој што беше во една катастрофална завидна состојба како што е сега Кавадарци-Мајдан . Мислам дека и Кавадарци – Мајдан до крајот на годината ќе биде завршено и дека нашите сите жители ќе бидат задоволени да можат брзо да стигнат . Имаме села на 20-30 км Мајдан –Мрежичко имаме села на 20 -30 км каде што ако си во Словенија и ако сме Словенци таму ќе живееме, а тука ќе доаѓаме на работа . Така да мислам дека тенденцијата на таа работа е да селата добијат и урбанистички планови кои што ги работиме во моментот и инфраструктура патна , меѓутоа и внатрешно уредување после на самите села за да можиме после да привлечиме повеќе жители кои би се вратиле да живеат во самите села . Благодарам.

РИСТО САКАЛИЕВ: Колеги дали има друг за збор по оваа точка? Македонски шуми и ова претовар ја го познавам доволно , а проблемот е во друго колеги, по осовина и по регистрација на возило работа е на полиција, во тој терен горе никогаш немало сообраќајна полиција горе, ние знаеме дека кај и да одиш дека претовара се казнува и тука е дел од проблемот тоа . Значи терет по осовина повеќе и по основ на тоа што возилото кое што е регистрирано за 12 тона , ние го товараме 20 , зошто

да не кога нема контрола, не не контролира никој и тука некаде можеме да најдиме мало решение што не е баш 100 %. Нема да зборам повеќе .

ГРАДОНАЧАЛНИК: Јас сакам да надополнам Претседателе .

Да надополнам и ова нека биде заклучок на Совет до Полициската станица Кавадарци да пуштиме една инцијатива со Заклучок на Совет да почесто патролира сообраќајна полиција во оглед на овие локални патишта како што се за Страгово, за Михајлово, Мрежичко, Мајдан, Бојанчиште , сегде кај што се локални патишта да можеме ова да го ставиме ова, ако ништо друго барем да , нека влезе во заклучокот дека по периферјата на градот како штое месната задруга Задруга, Слога , дека имаме доста појава на непочитување на сообраќајните знаци , тешки товарни возила , нерегистрирани возила, малолетници што возат за да се сообраќајната полиција заангажира повеќе во делот на тој поглед да ставе малку повеќе ред , ако треба нека се делува прво превентивно , после нека одат и репресивно , нивна е одлуката . Така да ние еве како Совет заклучи да го побара тоа да го имаме . Благодарам .

РИСТО САКАЛИЕВ:Благодариме Градоначалник. Колеги одиме со гласање по оваа точка заедно со Заклучокот .Кој е за? Едногласно благодарам.

11.Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.21/21 поведен пред Основен суд Кавадарци;

Кој е за? Едногласно благодариме

12. Предлог-Одлука за давање согласност за склушување на Судско порамнување по судски предмет МАлвП-29/2021 година поведен пред Основен суд Кавадарци;

Кој е за? Едногласно.

13.Предлог-Одлука за давање согласност за потпишување на Договор за управување со Младински центар Кавадарци;

Отварам расправа. Кој бара збор?Доколку не бара никој збор , точката ја ставам на гласање . Кој е за? Благодарам едногласно.

14.Предлог-Одлука за укинување на Одлуката за ослободување од надоместок за користењена просторот пред деловните простории за вршење на дејности намалување на висината на комуналната такса;

Отварам расправа.Колешке Виолета повели.

ВИОЛЕТА ДИМИТРОВА Ова точка помина на Комисијата за ...

ГРАДОНАЧАЛНИК: Да, да појасниме и добро е да појасниме , да потенцирам и да кажам дека со угостителите , па поготово изменатиов година и пол период , се формираа кризни штабови , некаде имавме многу, многу интензивни разговори , подршки од нивна страна , разбирање од наша страна . До сега јавните површини беа 50 % ослободени од плаќање, меѓутоа од мои лични информации и испитувања на теренот , јавните површини се користат 100 %, воопшто не

се неискористени и со самото користење на 100% на јавните површини , не гледам веќе аргумент да има намалаување на цената во делот на неплаќање или користење на 50% од плаќањето . Така да од 1 јули нема да важи мерката за 50 % намалување на комуналната такса за јавни површини се додека не се јави потреба недај боже во иднина , ако има пак ограничување по ковид мерки на отворени површини. Мое лично мислење ако не беа тие јавни површини и ако не беше тоа намалување до сега тие објекти кои што функционираа да не ги именуваме кафитерии, кафиќи , ресторани , немаа да имаат никакв а можност да работат , пошто внатрешниот дел беше затворен за работа . Од 1 јули со Одлука на Влада на вчерашната седница веќе се пуштени да работат со 50 % ми се чини капацитет внатрешен, 100 % капацитет надворешен , така да со оглед на тоа Одлуката за намалување на 50% не важи се до потреба од некаква друга алтернативна мерка или некаква друга помош за нив. Благодарам.

РИСТО САКАЛИЕВ: Благодариме Градоначалник. Колеги одиме со гласање.Кој е за ?Едногласно.

15.Предлог-Одлуказа давање на трајно користење, без надомест недвижна ствар-Објект на Детска градинка на ЈОУДетска Градинка,, Рада Поцева,, Кавадарци;

Отварам расправа. Дали некој бара збор? Не бара никој , ја ставам точката на гласање .Кој е за? Едногласно.

16.Предлог-Одлука за давање на трајно користење без надомест на движни ствари – клима уреди на ООУ,,Димката Ангелов Габерот,, с.Ваташа;

Отварам расправа.Дали некој бара збор? Не , одиме со гласање. Кој е за? Едногласно 19 за.

17.Предлог-Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на СОЗШУ „Ѓорче Петров" Кавадарци;

Отварам расправа. Нема за збор. Одиме со гласање. Кој е за? Едногласно.

18.. Предлог-Одлука за давање на трајно користење без надомест на движни ствари – уметнички слики на Локален Музеј Галерија Кавадарци ;

Одиме со расправа.Кој бара збор?Туриманцов Лазар се јави за збор?

ЛАЗАР ТУРИМАНЦОВ Градоначалниче 18 точка дали се ова сликите што ги менаџираме со Кимов Ѓорѓи на претходната седница? Значи воа е тоа .

ГРАДОНАЧАЛНИК:Сега ги даваме на Локален Музеј за да има трајна вредност.

РИСТО САКАЛИЕВ:Колеги дали и некој друг сака да праша нешто?Не , одиме со гласање . Кој е за ? Едногласно.

19..Предлог-Одлука за усвојување на Стратешки план за намалување на ризици од катастрофи на Општина Кавадарци за 2021 – 2025 година;

Отварам расправа. Не бара никој збор, одиме со гласање по точка 19 . Кој е за? Едногласно.

20.Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година(лекување)(АЦЕВА);

Колеги ради јавноста само едно појаснување неколку советници и неколку граѓани ме питуваат дали по основ на корона од Општината даваме пари . Одговорот е не. Ние даваме по основ на лекување по други основи.Преку Комисија за здраство , по одредени критериуми и по тие утврдени критериуми , тие што поднесуваат барање за лекување Комисијата одлучува и Советот ги доделува парите , значи по основ на ковид и прележани немаме конструкција, ниту пак можеме да поделиме , немаме таква одлука и нема да делиме по тој основ пари.

Овие точки што се за лекување од 20 до 26 точка се точки по основ на лекување .

21.Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година(лекување)(АЦЕВ);

22.Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година(лекување)ДУРЕВ);

23.Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година(лекување)(МАРИЈА .Д);

24.Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година(лекување);(Гора Ташева)

25.Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година(лекување)(Христина Андреевска).

Одиме со гласање.Значи точките за лекување ги гласаме одеднаш.

Едногласно.. и точка 26 . Таа е различна точка .

26.Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година (Мобилност)

Кој е за? Едногласно , благодариме.

27.Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување на претставници во Управен Одбор на ЈОУ Дом на култура „ Иван Мазов Климе„ Кавадарци;

Отварам расправа.Претседател на Мандатна Комисија Виолета повели.

ВИОЛЕТА ДИМИТРОВА:Комисијата за мандатни прашања на вчерашната седница одлучи дека на местото на досегашниот претставник во Управниот Одбор Дом на култура „ Иван Мазов Климе„ г-ѓата Јулијана Туриманцова се заменува со членот Диме Коцев.

РИСТО САКАЛИЕВ: Благодарам колешке . Одиме со гласање по оваа точка. Кој е за?Едногласно.

28.Годишен План за вработување за 2022 година на ООУ„Тоде Хаџи Тефов„ Кавадарци, со арх.бр.04-334/1 од 16.06.2021 година, донесен од Директорот на на ООУ„Тоде Хаџи Тефов„ Кавадарци;

Отварам расправа.

ТОНИ НЕШКОВСКИ:Почитуван Градоначалник, Почитуван Претседателе на Совет, колеги советници . Во врска не само со оваа точкат туку и со останатите точки во останатите општински училишта , каде што исто така имаме едно општинско основно училиште каде што се носи Годишен план за вработување , ова го носиме секоја година овој годишен план за вработување еве ние како советници реално немаме познавање колку има потреба од вработување во одредена институција . Исто ме интересира овие точки што се поминати разгледани на Комисија за образование и дали од сектор за образование во локалната самоуправа има формирано комисии коишто ги разведуваат овие барања т.е. барања за вработувања и нели ги доставуваат до нас тука како советници да ги гласаме со цел да има образложение и да има реалност околу ова побарувачка односно по овие годишни планови за вработување . Благодарам.

РИСТО САКАЛИЕВ: Колеги има Комисија за образование , имаме и од образование . Стаутарна комисија ги поминала . По извештаиите на школите , по барањата тие директорите на училишните одбори гледаат кој професор кога оди во пензија и скалдно на наредна година го предвидуваат тоа , како и другите институции, али ако е прашањето во друга

ТОНИ НЕШКОВСКИ: Може ли само на кратко. Целта мие да се формираат комисии од сектор за образование , е- комисија од сектор за образоваие, која што ќе ги разгледува овие годишни планови пред да се стават на совет , да се гласаат се со цел да се види реалната, дали има реалност околу побараувањата за нови вработувања. Значи јас немам лично против нови вработувања, но нели сега има институција која што има реално потреба од 5 вработувања, а некоја институција има реално потреба од 3 вработувања и сега нели на двете институции да им се дадат ист број на вработувања. Тоа ми е цела работа. Да се формира една комисија каде што ќе се разгледуваат реално потребите спрема институција .

РИСТО САКАЛИЕВ: Комисија за образование имаме , али овие ги праќаме до Министерство и после ги филтрираат . Значи ние и да донесиме грешна . Ние гласаме , горе Финансии преку 100 филтри го минат тоа , ги гледаат сега на оваа електроника сите вработувања можат и неможат значи тие . Вештачки не можеме да предизвикаме .Ние бараме и финансирањето го гледат во финансии во Скопје и . Не сметам , ама Комисија за образование имаме во советот. Колега ајде да видеме од Жана , од овие директорите на школите што имат познавање повеќе . Жане повели ако сакаш.

ЖАНА МИНОВА:Јас би сакала во контекст на овие планови за вработувања да вложам да се формира една комисија во која што ќе направи една анализа каков кадар во блиска иднина ни е потребен и

имаме потреба и ќе има една структура на наставници кои ќе одат во пензија , меѓутоа моите сознанија се дека имаме недостаток од наставен кадар на пример ќе посочам по предметот физика , по предметот математика , по предметот хемија значи имаме проблем кој што може сериозно да се рефлектира после на образовниот процес и во тој контекст да се направи анализа да се потикната младите луѓе да се едуцираат на Природно- матеематички факултет , па дури ако треба да се стипендираат за да може да не дојдеме во ситуација да се загрози образовниот процес.Значи една препорака околу формирањето на една таква комисија.

РИСТО САКАЛАИЕВ:Колеги забелешката е прифатена од Градоначалникот .

ГРАДОНАЧАЛНИК: Сега имам информација дека одобрено е преку Велес , сега точно да не шпекулирам , невладина организација или институција е дека со наредната школска година од 1-ви септември за секое дете што има потерба од асистент- наставник ќе биде одобрено вработување . Добро е овие информации да ги споделуваме , а поготово како што кажа советникот и Минова и Нешковски да имаме комисија и сега да не испадне на тие такви места да ни се јаве дефицитниот кадар , а ни остане кадар со суфицит кој утре ќе не можеме да му најдеме соодветно место , а останеме без кадар на некој начин. Информацијата е дека во Кавадарци има потреба од околу 23, 23 ученици имаат потреба од наставник асистент и тоа сигурно би значело негде 15-18 нови вработувања во делот на наставник- асистент во тековната година . По однос на ова што го кажавте да има забелешки дека имаме недостаток у некои предметни, наставни категории, некаде па имаме преголем дека на самиот пазар и добро етие работи да бидат јавни и транспарентни за да можат да знаат што да очекуваат луѓето , меѓутоа да знаат исто идните студенти кои што средношколци се запишуваат на факултети кои се основите кои што можат да ги добијат во Општина Кавадарци во делот на ослободување од работни места .Знаете како ќе дојде некој на приемен ден или и вие сигурно имате контакти и ќе каже јас 11 години чекам , 11 години човек што дипломирал и ако чека вработување , тоа е воопшто не популарно , не само што не е популарно , него веќе пола кариера му е завршена , така да не знам што да му одговорам во моментот и дали воопшто е правилно воопшто чекал 11 години да биде вработен баш на тоа работно место , заклучок направете Комисија и бидете соодветни во тој дел , имајте ги сите информации и добро е да кадарот биде соодветен , меѓутоа и она прогноза за која што треба да се прави анализа за што имаме и каде треба се насочиме да биде правилно и да може да градиме кадри соодветни . Благодарам.

ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Градоначалник она што го спомнавте најнова информација за овие асистенти наставници . Кој ќе ги плаќа и како ќе

биде , пошто слушнав , почнаа да прашуваат луѓето како ќе зимаат плата тие вработени, дали Општината ќе ги плаќа училиштата, ни тоа не сме го разгледувале на седницата, тоа е чиста информација од вас .

ГРАДОНАЧАЛНИК: И јас имам паушална информација, немам точен број колку деца, само нас ни побараа за сите школи да пуштиме колку има потреба за такви дечиња, а немам точна информација какви ќе бидат примањата и сите работи оти вака паушална информација е дека ќе имаат статус на вработен наставник, значи исти статус ќе има на вработен наставник , а сигурно ќе биде со некое времено вработување почетно и оде регионално преку Велес, е сега дали во Велес има некој Регионален центар за таа работа, министерството или било како не знам, треба тоа да го провериме , веројатно тоа ќе оде од заштеди и блок дотации кои што ги заштедивме од превоз, гориво, нафти, нешто ќе треба Министерството да дополне , али верувам дека плаќањето треба да биде едно и единствено , значи како зимаат другите наставница плата, така ќе ги зимаат и они у таа , во тој колач значи бруто плата.

ПЕТАР НИКОЛОВ: Јас ако можам да се надоврзам бидејќи некои подетални информации во врска со тоа . За Кавадарци се предвидени 20 такви вработувања и ќе бидат финансирани од МОН. Кавадарци паѓа под едно велешко училиште , повикот е веќе објавен , Маца Овчарова се вика училиштето и тоа ќе бидат 20 асистенти за лицата со попреченост , за секое дете да има тоа со измените во законот и повикот, значи вака , обука ќе му извршат тековно, значи тоа ќе биде кадри социјални работници , социолози, психолози , педагози , дефектолози, одделенски наставници и предметни наставници , сите , тие што можат да конкурираат сега до 2-ри , петок е јавниот повик за интерес. Првично ќе биде тој повик за интерес, а после тоа ќе има и селекција . Повикот е јавно објавен и основните училишта веќе го имаат објавено на своите официјални страни.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Дај да го објавиме на старницата на Општината .

ПЕТАР НИКОЛОВ: Да повикот го има Тоде Хаџи Тефоф, Тошо Велков ги имат повиците објавено. Сигурно од МОН имаат насоки да ги објават .

ГРАДОНАЧАЛНИК: Добро еве јавноста ќе знае , значи широк опсег ќе има , наставници, психолози..Нека го преземат ова и медиумите , луѓе да се решат кои што имаат стручна спрема и одделенска и класификација .

ПЕТАР НИКОЛОВ: Значи може да се објаве на страната на Општината.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Па јас би те замолил да го препратиш .

ПЕТАР НИКОЛОВ: Ќе го препратам.

РИСТО САКАЛИЕВ: Колеги имамме ли уште по точка 28 ? Доколку нема точката ја ставам на гласање. Кој е за заедно со Заклучокот? Едногласно

29.Предлог-Одлука за давање согласност на Статутарна Одлука со арх.бр.02-189/4 од 16.06.2021 година, за измена и дополнување на Статутот

на ООУ„Страшо Пинцур„ Кавадарци, донесена од Управен одбор на ООУ„Страшо Пинцур„ Кавадарци;

Одиме со расправа. Дали некој бара збор?Доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за? Едногласно .

30.Годишен План за вработување за 2022 година на ООУ„Страшо Пинцур„ Кавадарци со арх.бр. 01-81/11 од 16.06.2021 година, донесен од Директорот на ООУ„Страшо Пинцур„ Кавадарци;

Давам расправа. Не се пријавува никој , одиме со гласање . Кој е за . Едногласно .

31.Годишен План за вработување за 2022 година на СОЗШУ„Ѓорче Петров„ Кавадарци, со арх.бр.01-3658/1 од 11.06.2021 година, донесен од Директорот на СОЗШУ„Ѓорче Петров„ Кавадарци;

Отварам расправа , нема за дискусија , одиме со гласање. Кој е за? Едногласно благодариме .

32.Годишен План за вработување на ЈОУ Локален Музеј Галерија Кавадарци за 2022 година, со арх.бр.02-110/ од 04.06.2021 година, донесен од Директорот на ЈОУ Локален Музеј Галерија Кавадарци;

Одиме со расправа, не бара никој збор, одиме со гласање. Кој е за? Едногласно.

33.Измена на Годишен План за вработување за 2022 година на ООУ„Тошо Велков Пепето„ Кавадарци, со арх.бр.04-164/1 од 03.06.2021 година;

Отварам расправа, не бара никој збор, одиме со гласање. Кој е за ?Едногласно.

Се извинувам колеги сакав нешто во контекст на ова . Не се сеќам дали Годишниот План на Музичкото училиште го имаме изгласано, иако сме го изгласале и ако треба наредно да го донесат и да се достави имаме една дилема денеска и сакам да го замолам Градоначалникот ако сака да даде едно појаснување или да упати еден повик. Основата и дискусија ќе оди во насока на тоа што ние требаше да направиме една паралелка во Кавадарци, во Музичкото средно училиште под некое средно скопско училиште, паралелка значи музичко образование по скопско училиште во Кавадарци.

ГРАДОНАЧАЛНИК:Еве нека биде како повик . Значи сите заинтересирани основци кои што завршуваат основно и имаат желба или потенцијал да се запишат средно музичко образование професионалнојас би ги повикал да го направат тоа . Денеска беше првиот уписен рок, сега втор уписен рок имаме во август месец . Ние во моментов имаме одобрение за спроведување на средно музичко училиште , под колон на скопско училиште . Во моментов е малку комплицирано што сите дечиња кои што имаат потреба за запишување во средно музичко училиште треба да се појде во Скопје и да се запишат таму со клон , односно паралелка во Кавадарци .Ние како општина , советници и сите јас би се заложил да сето тоа е организирано, доколку

имаат потреба да се појде до Скопје , заедно со нивните родители, со се, со единствена цел . А која е единствената крајна цел? Минимално мораме да имаме 16 ученици запишано за да ни ја одобрат паралелката . Доколку ја испуштиме ова можност и ги немаме тие 16 деца , автоматски цел проект кој што го бркаме долго време ќе падне во вода , нема да се спроведе и нема да имаме средно музичко училиште, а за да го имаме средното музичко училиште минималниот број на дечиња е 16. Така да секој еден кај што може да помогне, да излобира, да организираме дечиња кои стварно само индивидуално би изразиле желба да им помогниме за после тоа да имаме и вработувања наставен кадар , а после втората година се осамостојуваме и ќе станиме независно средно општинско музичко училиште. Така сега за сега само за информација имаме 6 дечиња кои се запишани , а мислам дека има потенцијал повеќе, така да треба да се заангажираме тука да му го доловиме тоа и на родителите и на децата .Со новиот закон кој што е донесен 2015/16-та , не 2012-та нели средното образование стана задолжително образование. Кога беше незадолжително средното образование имаше можност да се запишес и во две училишта , едното факултативно да го следиш, другото да одиш редовно , али со средно задолжително училиште нема можност за во две средни, мора да се определи едно средно . Тоа е целта. Јас пак ќе кажам еве повик до Кавадарчани да не ја испуштат ваа шанса, пошто ако ја испуштиме шансата толку. Регионална паралелка за средно музичко образование секој што може да потикне за ваа работа , јас сабајлето и со директорот разговарав да се заземе . Повеќе информации миалам 16 дечиња„ ние имаме сега 10 деца во Штип, 7 во Скопје кои што нејќат да се запишат во Кавадарци , пошто почнале таму , али тоа е веќе додека го фатиме колосекот ваа година ни е пресудна за отпочнување на средното музичко училиште , а да ви кажам вака искрено , без разлика што веќе имаме клон одобрено од Министерство, немој да мислите дека желбата е многу голема кај другите средни музички училишта , ка клон ние да профункционираме, пошто тоа му е веќе конкуренција за понатамошниот развој. Да вистина Благодарам.
РИСТО САКАЛИЕВ:Благодариме Градоначалник. Колеги сега и за медиумите и за јавноста значи Демир Капија, Гевгелија , ако правиме апел значи треба да понудиме и сместување , значи кога нема музичко училиште во Демир Капија или Неготино или Гевгелија , тогаш и трошокот и храна и превоз е на терет на државата , значи имаме интернат со добри услови , ако треба и превоз ќе организираме барем некое дете да дојде, да ги најдеме децатта, да му дадеме услови, да понудиме и да реализираме .
34.Годишен план за вработување за 2022 година на Јавно претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци, со арх.бр.04-

1483/1 од 09.06.2021 година донесен од Директорот на ЈП „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ"Кавадарци;

Отварам расправа. Никој не бара збор? Кој е за? Едногласно.

35.Одлука за давање на согласност на Одлука за поништување на Одлука за примање од ЈП „Комуналец"Кавадарци на времено користење движна ствар-машина марка GRAKO LINELAZER 250 sps со арх.бр.02-1505/5 од 17.06.2021 година, донесена од Управен одбор на ЈП „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ"Кавадарци;

Кој е за? Едногласно.

36.Предлог-Одлука за давање согласност на одлука за давање на донација движна ствар-Товарно возило Fiat Florino на Општина Кавадарци со бр.02-1551/3 од 25.06.2021 година донесена од Управен одбор на ЈП „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ"Кавадарци;

Отварам расправа дали некој бара збор? Не бара никој , одиме со гласање. Кој е за? Едногласно.

37.Предлог-Одлука за давање согласност на Одлука за давање на времено користење на движна ствар на Територијална противпожарна единица, донесена од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;

Одиме со гласање . Кој е за? Едногласно.

38. Предлог-Одлука за примање на донација на проектна документација од ДООТПУ,, Слога Пром,, увоз-извоз Кавадарци

Кој е за? Едногласно. Благодариме на "Слога Пром".

Со ова е исцрпен Дневниот ред. Колеги само едно обраќање од Градоначалникот.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Сакам да потенцирам последна точка што ја гласавте за примање на донација на проектна документација од ,, Слога Пром,, тоа е сообраќајна документација, сигурно ја имате видено во делот на самиот влез на ,, Слога Пром,, кај што е, после Дрексел мајер, таму треба да има петле, каде што ќе има исклучок специјален за ,, Слога Пром,,. Во комуникација со сопственикот на ,, Слога Пром,,. и со примањето на ова документација , сега и со бркање и на документацијата и за издавање на на градба заедно со Агенцијата за патишта ќе се вклучи ,, Слога Пром,, веројатно со поголема донација таа клучка да се изработи и таа црна точка што ја имаме на влезот тука да ја елиминираме во идно време не дај боже да се случе нешто. Морам да потенцирам и кажам нешто . У меѓувреме помина и проектот за инфраструктура и основниот проект кај што сега се наоѓа влезниот портал од страна на Росоман , прталот што го имаме, "Добредојдовте Кавадарци ", тука предвидовме изградба на кружен тек од странат на размер и размер пат .Во разговор г-динот Илија Гечев и разговори со компанијата ИГМ, која што е неговата компанија има појдовна точка да тој кружен тек биде изграден , донација од ИГМ, кој што

е така со посериозна сума и нормално во тој дел ИГМ си добие свој сопствен влез , да не влегува од другите страни, меѓутоа и ја избегниме специфичната точка од кружниот тек кај Seno и Макпетрол до овој кружен тек , преминувањето од една на друга страна со две полни линии, така да ќе имаме 2 кружни тека на појасот, 1,5 км кадешто безбедноста ќе се зголеме драстично. Во разговорите би сакал да ве запознаам од ИГМ ќе има барање после изградбата на кружен тек да си постави свој рекламен простор на делот на кружниот тек ,кој што верувам дека ќе му биде одобрен , како таков нема да има проблем , намерата е добро намерна и Кавадарци во тој случај во делот од Росоман ќе добие еден безбеден влез и удостоен пристап кои што ќе патуваат , а има доста патуваат таму, верувајте и само од Дрекслер влегуваат . Патниот правец сакам да потенцирам и да кажам , еве утре министерот за транспорт и врски ќе ни биде гости во 15 за 10 ., промоцијата беше извршена , сега бќе ги потпишиме и договорите за патниот правец Дреново-Кавадарци, кој што се реконструира комплетно, ќе се отпочне одма и со втора фаза Кавадарци – Неготино односно Глишиќ – Неготино, меѓутоа и 6-те главни клучни улици за Општина Кавадарци, коишто 3 се тендерирани во прва фаза и е веќе отпочнато со работа на Браќа Цунови,еден сериозен проект , сериозна улица, којашто е веќе изгребана , се нивелира и треба нов асфалтен слој да и се ставе , втора ќе биде улица Илинденска , од кружниот тек до самиот центар заедно со проширување на тротоарите од стара автобуска до Лимба , со мермер и со нов дрворед , со осветлување и трета ќе биде улица Пионерска која што е во лоша состојба , ќе ја направиме, а инаку од општински пари , кои што се отпочнати сериозни сообраќајници се улица Ресавска, Блажо Алексов, Црноречка и ми се чини дека беше улица број 5 Бел Камен што вчера ја промовиравме. Така да ова година имаме сериозен инфраструктурски развој , вторите 3 улици кои што Министерството за транспорт интервенира преку Светска Банка , заемот кој што го зима Владата се Дисанска проширување на трета лента и проширување комплетно, Западен Булевар од кружен тек Seno до кружен тек Тиквеш комплетна реконструкција и третата улица е ХЕЦ Тиквеш електрана до Брушани населба се комплетно да се асфалтира.Вака звучи многу убаво, многу интересно и ако сето воа биде, а верувајте ќе биде пошто договори се потпишувани се потпишани, изведувачи се најдени , ќе добиеме стварно многу добра инфраструктура . Ја верувам дека некаде прва половина од јули ќе имаме уште една редовна седница за ребалансот кој што треба да го довршиме по однос на овие договори што ги добиваме од Бирото за развој и за тие работи, едната ќе сакам еве и мислите малку за Тиквешкиот Гроздобер , ние разговаравме со Секторот за култура , разговаравме со

правниот дел  оваа година веројатно ќе биде , не веројатно туку е дозволено да се организираат манифестации со одредени портоколи. Ја би сакал Тиквешкиот Гроздобер да го вратам  на едно ниво како што беше пред Ковид пандемијата , меѓутоа сакам  да потенцирам  тука,ова да не биде оградување од нешто друго  да сите средстваштто ќе ги потрошиме за тиквешки Гроздобер  поготово во средства во делот на  уметниците и во делот на естрадните уметници,, пејачи или било кој вид што ќе заземат учество  мој личен став е  да бидат наши , од Македонија , значи без разлика дали ќе бидат 5-10 или 15 пеачи. Не сакам да бидам националист  или да кажам парите да останат  во државата, меѓутоа мислам дека сега не треба да50,60 или 70 000евра   на некој уметник или музичар којшто ќе дојде да пее 2 саати , а да ги заборавиме нашите музичари  и изведувачи пошто се во една  лоша завидна состојба , од година и пол, две немаат настапи. Мислам дека ќе успееме во таа работа  и ќе ја подржите целата ситуација . Буџетот го имаме за самиот Гроздобер, само по протоколи да го усогласиме  и да си направиме еден Гроздобер како што  доликува. Нормално тука  да посакаме успех и на лозарите да имаат убаво лето , квалитетно грозје, добра цена  и добар пласман и сигурно  плаќање . Добро тука што ме  потсети , морам да потенцирам и да кажам  благодарение и вашава одлука што беше  на Совет и  јас како Градоначалник заедно со Директорот  на ЈЗБолница со проширена дејност  да регионалниот центар биде во Кавадарци  , со тоа успеавме да потенцијалот , односно предизвикот на Кавадарчани    го дигниме на максимално ниво на вакцинација  и наша официјална бројка вакцинирани лица само  на регионалниот пункт  во Спортска сала Јасмин од Кавадарци се 10 500 лица . Доста солидна бројка . Ниедна општина го нема тоа , а да не потенцирам дека има плус во Здраствен Дом, па надвор  од Кавадарци  вакцинирано, надвор од државата, здраствените работници одеа во Скопје , така да  општата бројка е некаде 14 7 00  вакцинирани лица досега имаме во Општина Кавадарци и ако е спас вакцината така да јас можам да кажам , еве и медицински доктор дека колективен имунитет веќе постои во Општина  Кавадарци, а тоа е доказ дека  веќе заболен  немаме, еве докторот вика уште малце, вакцини од утре масивно ќе почнат да се вакцинира , стигнаа денеска вакцините , така да  повик до сите жители кои што не се вакцинирани да се вакцинираат  во интерес на колективното општество.Благодарам со ваков Совет да рабиш е гордост и задоволство , со добри луѓе, етаблирани луѓе,со луѓе без зло намери  и верувам дека поголем дел од вас , а дај боже и сите  бидете на некој начин и наредниот совет, а јас ќе се потрудам да бидамм наредниот Градоначалник односно предложен, на крајот народот ќе си одбере  и мислам дека овој совет досега  го задржа нивото на совет, Градоначалник и Општина како никогаш досега.Сме

гледале и снимки претходни , сме гледале и се , значи нивото на Совет, Градоначалник , Општина , граѓанство , задржано на максимално ниво, а затоа треба заклучок новинарите да донесат , дали е така или не е така, пошто го следат сето тоа. Благодарам .

РИСТО САКАЛИЕВ: Благодариме на Градоначалникот за тоа што беше добар менаџер, советниците и претходно беа добри, ама не беа добро менаџирани .Ја затварам седницата .

Изготвил Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Ристо Сакалиев